СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

излегува по потреба

Број 16 година XLVII
01 Декември 2011

211.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Велес локалитет-дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул.„Ордан Ѓинот“, дел од ул.„Стеван Богоев“ и КП 9804) Општина Велес

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Велес локалитет-дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул.„Ордан Ѓинот“, дел од ул.„Стеван Богоев“ и КП 9804) Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.11.2011 година.

Број 08-6501/1
01.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 60/11 -пречистен текст), член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 28.11.2011 година донесе

О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план за Велес локалитет - дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул.”Ордан Ѓинот”, дел од ул. “Стеван Богоев”и КП 9804) Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Детален урбанистички план за Велес локалитет - дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул.”Ордан Ѓинот”, дел од ул. “Стеван Богоев”и КП 9804) Општина Велес.

Документацијата за донесување на детален урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр.51/05, 137/07, 91/09 и 124/10), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ' бр.78/06, 140/07, 12/09, 93/09 и 52/10) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на РМ бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за Велес локалитет - дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул.”Ордан Ѓинот”, дел од ул. “Стеван Богоев”и КП 9804) Општина Велес е со површина на урбано подрачје од 1,02ha.

Границите на опфатот се следните:
исток: дел од ул. “Ордан Ѓинот” и дел од КП 9804;
север: дел од ул. “Ордан Ѓинот”;
југ: дел од ул. “Стеван Богоев” и дел од КП 9804;
запад: дел од ул. “Стеван Богоев”.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување Детален урбанистички план за Велес локалитет - дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул.”Ордан Ѓинот”, дел од ул. “Стеван Богоев”и КП 9804) Општина Велес.

Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје број 16-5513/2 од 20.07.2011;

Извештај од јавна презентација и јавната анкета по Нацрт Деталниот урбанистички план за Велес локалитет - дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул."Ордан Ѓинот", дел од ул. "Стеван Богоев"и КП 9804) Општина Велес

Член 4

За Деталниот урбанистички план за Велес локалитет - дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул."Ордан Ѓинот", дел од ул. "Стеван Богоев"и КП 9804) Општина Велес има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр. 16-5513/2 од 20.07.2011година.

Член 5

Деталниот урбанистички план за Велес локалитет - дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул."Ордан Ѓинот", дел од ул. "Стеван Богоев"и КП 9804) Општина Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски во електронски формат, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам-Скопје, еден во Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Деталниот урбанистички план за Велес локалитет - дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул."Ордан Ѓинот", дел од ул. "Стеван Богоев"и КП 9804) Општина Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-6438/3
28.11.2011година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

212.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул.„Благој Ѓопрев", дел од крак на ул.„Првомајска"и дел од ул.„Белградска) Општина Велес

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул.„Благој Ѓорев", дел од крак на ул.„Првомајска"и дел од ул.„Белградска) Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.11.2011 година.

Број 08-6501/2
01.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 60/11 Пречистен текст), член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 28.11.2011 година донесе

О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет - дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул."Благој Ѓорев", дел од крак на ул. "Првомајска",и дел од ул. "Белградска") Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет - дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул."Благој Ѓорев", дел од крак на ул. "Првомајска",и дел од ул. "Белградска") Општина Велес.

Документацијата за донесување на детален урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09 и 124/10), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.78/06, 140/07, 12/09, 93/09 и 52/10) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ" бр.78/06).

Член 2

Просторот кој се уредува со Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет - дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул."Благој Ѓорев", дел од крак на ул. "Првомајска",и дел од ул. "Белградска") Општина Велес. е со површина на урбано подрачје од 1,04ha.

Дефинирана е следнава граница на урбаното подрачје:

-исток: дел од ул. "Првомајска";
-север: крак на ул. "Првомајска";
-југ: дел од ул. "Белградска" и
-запад: дел од ул. "Благој Ѓорев".

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет - дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул."Благој Ѓорев", дел од крак на ул. "Првомајска",и дел од ул. "Белградска") Општина Велес.

Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје број 16-5403/2 од 18.07.2011;

Извештај од јавна презентација и јавната анкета на Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет - дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул."Благој Ѓорев", дел од крак на ул. "Првомајска",и дел од ул. "Белградска") Општина Велес

Член 4

За Деталниот урбанистички план за дел од Велес локалитет - дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул."Благој Ѓорев", дел од крак на ул. "Првомајска",и дел од ул. "Белградска") Општина Велес има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр. 16-5403/2 од 18.07.2011година.

Член 5

Деталниот урбанистички план за дел од Велес локалитет - дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул."Благој Ѓорев", дел од крак на ул. "Првомајска",и дел од ул. "Белградска") Општина Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски во електронски формат, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам-Скопје, еден во Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Деталниот урбанистички план за дел од Велес локалитет - дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул."Благој Ѓорев", дел од крак на ул. "Првомајска",и дел од ул. "Белградска") Општина Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при .

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот денот од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-6438/4
28.11.2011година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

213.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред Предлог-одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од Велес изменување и дополнување за локалитет дел од урбана единица 5, дел од урбан блок 34 (дел од старо градско јадро) помеѓу ул.„Крали Марко" и ул.„Крушевска" Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.11.2011 година.

Број 08-6501/3
01.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.11.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за симнување на точка од дневен ред

1. Точката 3 од дневниот ред: - Предлог-одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од Велес изменување и дополнување за локалитет дел од урбана единица 5, дел од урбан блок 34 (дел од старо градско јадро) помеѓу ул.„Крали Марко“ и ул.„Крушевска“ Општина Велес, беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на Општина Велес поради доработка на материјалот.

2. По дополнувањето на материјалот истата ќе биде поставена на една од наредните седници на Советот.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-6438/5
28.11.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

214.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за определување имиња на инфраструктурни објекти-плоштади во град Велес

Се објавува Одлуката за определување имиња на инфраструктурни објекти плоштади во град Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.11.2011 година.

Број 08-6501/4
01.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 4, став1 и член 8 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.66/04, 55/07,145/10), а во согласност со Правилникот за содржината, постапката на водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар („Сл.весник на РМ“ бр.152/07), член 3 од Одлуката за утврдување на листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфрструктурни објекти во град Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 05/08) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.11.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на имиња на инфраструктурни објекти-плоштади во град Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши определување на имиња на инфраструктурни објекти-плоштади во град Велес и тоа:

1. Просторот - платото кај постоечкиот споменик на Панко Брашнар кој се наоѓа во близина на касарната Алексо Демниевски Бауман, на пресекот на улиците „Благој Горев“ и „Андон Шурков“, се определува како инфраструктурен објект- плоштад и се именува „Панко Брашнар“.

2.Просторот - платото кој се наоѓа кај фонтаната во населба, каде што улицата „Благој Ѓорев“ се сече со улиците „ Тодор Христов Офицерчето“ и „Георѓи Војтех“, се определува како инфраструктурен објект - плоштад и се именува „Македонија“.

3.Просторот платото на уреденият дел за одмор, јаворот и делот за продажба на земјоделски производи, кој претставува централен дел каде се спојуваат улици: „Максим Горки“, „Кирил Пејчиновиќ“, „Кузман Јосифовски Питу“, „Јовче Џипунов“, „Мирче Ацев“ и „Васил Ѓоргов“, се определува како инфраструктурен објект- плоштад и се именува „Којник“.

4. Просторот платото кај се наоѓа кај двата јавора, фонтаната и зградата на УЈП во централниот дел на градот, каде улицата „8-ми Септември се сече со улиците: „Архиепископ Михаил“ и „Страшо Пинџур“, се определува како инфраструктурен објект- плоштад и се именува „Сармаале“.

5.Просторот во централниот дел на градот, помеѓу улиците: „Илинденска“, „Никола Оровчанец“, дел од ул.„Гоце Делчев“, платото пред Основниот суд, „8-ми Септември“, кружната раскрсница, опфаќајќи ги спомениците на Коста Солев Рацин и Коњаникот, како и дел пред стамбениот комплекс “Чешелот”, се определува како инфраструктурен објект- плоштад и се именува „Илинден“.

6.Просторот -платото кај постоечкиот летниковец, кој се наоѓа помеѓу улиците: „Димитар Влахов , „Орце Шутев“, „Јован Алабаков“ и „Благој Јосмов“ се определува како инфраструктурен објект- плоштад и се именува „Варналиите“.

7. Просторот -платото кај постоечкиот споменик на Гемиџиите кај Мало мовче, кој се наоѓа на улицата: „Петре Прличко“ се определува како инфраструктурен објект- плоштад и се именува „Гемиџии“.

Член 2

Одлуката ќе биде доставена до Државниот завод за статистика за доделување на матичен број на определените инфраструктурни објекти плоштади.

Член 3

Матичниот број кој инфраструктурниот објект ќе го добие, ќе биде евидентиран во електронската евиденција која што ја води Општината.

Член 4

Одлуката што Советот на Општина Велес ќе ја донесе и матичните броеви кои ќе ги добијат инфраструктурните објекти ќе бидат доставени до Централниот регистар на РМ за да се изврши упис на податоците во елекронскиот регистар.

Член 5

За извршената промена во електронската евиденција, општината ќе ги информира граѓаните за настанатите промени преку средствата за јавно информирање, на огласната табла во општината или на веб страната на Општината.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6438/6
28.11.2011година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
М-р Славчо Чадиев с.р.

215.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за определување на имиња на улици во месноста Речани

Се објавува Одлуката за определување на имиња на улици во месноста Речани, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.11.2011 година.

Број 08-6501/5
01.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 4, став1 и член 8 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти(„Сл.весник на РМ“ бр.66/04, 55/07,145/10), а во согласност со Правилникот за содржината, постапката на водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар („Сл.весник на РМ“ бр.152/07),член 3 од Одлуката за утврдување на листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфрструктурни објекти во град Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 05/08) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.11.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на имиња на улици во месноста Речани

Член 1

Со оваа Одлука се врши определување на имиња на улици во месноста Речани- Велес и тоа:

1. Улицата која се протега од железничкиот премин на пругата Велес-Кочани до спојот со улица „Вардарска“ кај раскрсницата за влез и излез на Автопатот Скопје-Гевгелија, со два крака од десната страна, кај објектите на Динамо хит и Македонија пат, се определува како

улица „Академик Пенчо Давчев“ и ги опфаќа куќните броеви непарни од 1 до131 и парни од 2 до 212.

2.Улицата која се наоѓа лево од улица „Академик Пенчо Давчев“, започнува од трафостаница на ЕВН после објектите на Еко-Кулев следејќи ја постојната улица кон реката Вардар, со тоа што се издвојуваат повеке краци како од левата така и од десната страна се определува како улица „Васил Иљовски“ и ги опфаќа куќните броеви непарни од 1 до 87 и парни од 2 до130.

3. Улицата која започнува лево од улица „Васил Иљоски“ пред објектот на фирмата “Саше Тренд”, па ја следи новоформираната земјена улица до бавчите кај Реката Вардар, од левата страна на улицата се издвојува крак кој се протега низ бавчите до Реката Вардар и опфаќа повеќе изградени објекти и празни плацеви, се определува како улица „Д-р Панче Васков“ и ги опфаќа куќните броеви непарни од 1 до 97 и парни од 2 до 92.

4.Улицата која започнува под Железениот мост, опфаќајќи ги објектите во м.в. Сточен пазар и продолжува по новоформираната улица покрај реката Вардар со постоечките краци се определува како улица „Хаџи Косте“ и ги опфаќа куќните броеви непарни од 1 до 45 и парни од 2 до 50.

5. Улицата која води лево од улицата „Академик Пенчо Давчев“, после објектите на Севдинови и ги опфаќа плацевите кон Вардар па продолжува преку породницата каде што ги опфака постоечките објекти и плацеви позади канцелариите на поранешен А.К.Лозар и завршува кај свињарските фарми, се определува како улица „Димитар Андонов Папрадишки“ и ги опфаќа куќните броеви непарни од 1 до 145 и парни од 2 до 36.

6.Улицата која започнува пред железничкиот премин на пругата Велес Кочани, па продолжува покрај железничката линија и кај подвозникот десно продолжува по долот во м.в „Весела долина“, се определува како улица „Стефан Гајдов“ и ги опфаќа куќните броеви непарни од 1 до 35 и парни од 2 до 52.

7. Улицата која припаѓа во К.О. Башино село и ги опфаќа објектите и плацовите од м.в. Локва и м.в. Среден пат, а се наоѓа лево од улица „Академик Пенчо Давчев“, започнувајќи кај објектите на фирмата “Брамс” , ја следи постојната улица, прави кружен лак и се спојува со улицата „Академик Пенчо Давчев“, кај мотел „Монтенегро“, се определува како улица „Ѓорѓи Шоптрајанов“ и ги опфаќа куќните броеви непарни од 1 до 31 и парни од 2 до 70.

Член 2

По донесувањето на Одлуката од Советот на Општина Велес, истата ќе биде доставена до Државниот завод за статистика за доделување на матичен број на новоименуваните улици.

Член 3

По добивањето на матичните броеви на улиците, Одлуката ќе биде доставена до Централниот регистар на РМ за да се изврши упис на податоците во елекронскиот регистар.

Член 4

Матичниот број што ќе го добие улицата, ќе биде евидентиран во електронската евиденција која што ја води Општината.

Член 6

За извршенат промена во електронската евиденција, општината ќе ги информира граѓаните за настанатите промени преку средствата за јавно информирање, на огласната табла во општината или на веб страната на општината.

Член 7

Со влегување во сила на оваа Одлука, престануваат да важат точките 15, 16 и 17 од член 1, став 2 од Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување имиња на улиците и плоштадите во град Титов Велес („Сл.гласник на Општина Титов Велес“ бр. 02/95)

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6438/7
28.11.2011година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
М-р Славчо Чадиев с.р.

216.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2011/2012 година

Се објавува Одлуката за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2011/2012 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.11.2011 година.

Број 08-6501/6
01.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 11, од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 11/11) и член 11 од Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 11/11) а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.11.2011 година, донесе,

О Д Л У К А
за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2011/2012 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши избор на талантирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2011/2012 година, согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес.

1.За ученици стипендијанти за учебната 2011/2012 година се избираат:

Бр.	Име и презиме	година	Училиште	Место
1	Костадин Петров	во 3-та	СОУ„Гимназија Кочо Рацин“	Велес
2	Елизабета Атанаскова	во 4-та	ССОУ„Димитрија Чуповски“	Велес
3	Илија Палитов	во 3-та	ССОУ„Коле Неделковски“	Велес

2.За студенти степендијанти за учебната 2011/2012 година се избираат :

Бр.	Име и презиме	година	Факултет	Просек	Место
1	Страхил Тодоров	на 2-та	Универзитет „Гоце Делчев“ -фак. по медицински науки-	10,00	Штип
2	Славче Радевски	на 2-та	ФОН -детективи и безбедност-	10,00	Скопје
3	Мирсада Исмаил	на 2-та	Св.„Климент Охридски“ –технолошко-технички факу.	9,92	Битола

Член 2

Висината на стипендијата за талентираните ученици од член 1 на оваа Одлука изнесува 1.500,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2011/2012 година.

Висината на стипендијата за талентираните студенти од член 1 на оваа Одлука изнесува 2.000,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2011/2012 година.

Член 3

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес, и истите ќе се исплатат на два дела и тоа првиот дел во оваа учебна година, а вториот дел во наредната учебна година.

Член 4

Стипендијата ќе биде исплатена на посебна трансакциона сметка на секој корисник на стипендија, по потпишувањето на договорот.

Член 5

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес со секој од стипендијантите да склучи посебен договор во кој ќе бидат регулирани начинот на исплата на стипендијата како и другите права и обврски што стипендијантите ги имаат кон Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес.

Член 6

Наративниот извештај на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес, согласно спроведениот Конкурс е составен дел на оваа Одлука.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето, во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-6438/8
28.11.2011година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-програма за работа на Советот на Општина Велес во 2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.11.2011 година.

Број 08-6501/7
01.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09 и 18/10), и член 134 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/07)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.11.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2012 година

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2012 година.

2. Нацрт-програмата ќе се разгледува на јавна расправа на која ќе биде и Нацртот на Буџетот за 2012.

3. Текстот на Нацртот ќе биде објавен во „Сл.гласник на Општина Велес“ и Информаторот во центарот на градот.

4. Терминот за одржување на јавната расправа ќе биде објавен на локалните медиуми

5. Сите забелешки, кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа, ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот, кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен до Советот на Општина Велес на една од наредните седници.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6438/9
28.11.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
М-р Славчо Чадиев с.р.

